UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2018, ISSUE NUMBER 6

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 6 VOLUME VI

YEAR 2018

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2018, Issue Number 6**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Assistant professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Teaching assistant at the Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Elena Maksimova, LL.M.
Elena Trajkovska, Student
Kire Ivanov, Student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

**С О Д Р Ж И Н А**

**АНДОВ Дејан**
*Извршување заради наплата на парично побарување* ........................................................**3**

**ГЛИГОРОВА Магдалена**
*Однесувањето на гласачите во функција на креирањето на изборна стратегија*
................................................................................................................................**13**

**ДОНЕВА Наташа**
*Боите на криминалот* ................................................................................................**35**

**ЃУРЃАЈ Никола**
*Хармонизација на албанското право со европското право во делот на заштита на малцинствата* ..................................................................................................**47**

**ИВАНОВА Наташа**
*Убиство - поим, класификациа и стапка на убиство во Република Македонија 2012 - 2017 година* ..................................................................................................**57**

**КРСТЕВ Трајче**
*Европскиот економски и социјален комитет и неговата улога во донесувањето на одлуките во Европската Унија* ..........................................................................**63**

**МИТРЕВА Рената**
*Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* ..................**71**

**МЛАДЕНОВСКИ Александар**
*Вовед во лажни вести – дефинирање и категоризирање*..................................................**87**

**ПАВЛОВСКИ Марјан**
*Слободното движење на работната сила – предизвик на законодавството на Европската Унија и на Република Македонија* ..................................................**93**

**ТАСЕВА Елена, ГЕОРГИЕВА Мартина**
*Правата на жената при склучување работен однос, со осврт на забраната за дискриминација при работа поради личен статус бременост* .....................................**101**

**ЏИДРОВА-КРСТОВА Наталија**
*Собирање и изведување на доказите во кривична постапка* ........................................**119**

**АНДОВ Дејан** **УДК: 347.435:347.964.3(497.7)"2006/2016"**

# ИЗВРШУВАЊЕ ЗАРАДИ НАПЛАТА НА ПАРИЧНО ПОБАРУВАЊЕ

**Апстракт:** Во овој труд се разработува прашањето на остварување на правната заштита на доверителот во постапката за извршување. Крајната цел на правната заштита ќе се оствари само ако обврзаниот субјект (должникот) го изврши чинењето, трпењето или пропуштањето што му е наложено со одлуката. Значи е потребно фактичките односи меѓу странките, како субјекти на односот, да се сообразат со правната норма содржана во одлуката. Тоа може да се оствари на два начина: прво, така што должникот доброволно ќе ја изврши обврската во рокот определен во одлуката и второ, доколку тоа не е случај, за да го оствари своето побарување кое е на несомнен и авторитетен начин утврдено со правосилната одлука, доверителот мора да се обрати до надлежен орган и во посебна постапка, врз основа на кондемнаторна одлука, да бара присилно извршување. Доверителот не може со свои дејствија да го присили должникот да ја исполни обврската. Во фокусот на овој труд е извршувањете заради наплата на парично побарување.

**Клучни зборови:** извршител, должник, доверител.

## Вовед

Извршната постапка заедно со парничната и вонпарничната постапка, се трите гранки на кои е поставена граѓанската постапка во правниот систем на Република Македонија.

Условите за отпочнување на постапка за извршување, начинот на нејзиното водење, положбата на субјектите во постапката, нивните права и одговорности, па сè до завршувањето на постапката со остварување на правна на заштита се регулирани со Законот за извршување.

Извршителот е тој кој ја води постапката, односно постапува со цел присилно извршување на одредена одлука донесена во когнициска постапка (граѓанска, кривична или пак управна).

Покрај извршителот како основни субјекти во извршната постапка се странките во постапката и тоа доверителот кој го бара присилното извршување и должник, пасивна странка која против неа се води постапката.

Исполнувањето на целта на самата извршна постапка значи да се преземат присилни дејствија за доверителот да го намири своето побарување, односно да го наплати својот долг.

Заради наплата на парично побарување на доверителот извршувањето може да се спровете врз:

- Подвижни предмети;
- Парично побарување на должникот;
- Побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети;
- Хартии од вредност и удел во трговско друштво;
- Недвижности и

- Други имотни права.

При изработката на овој труд се користени методите на нормативна анализа, на повеќе законски решенија кои спаѓаат во делот на извршната постапка за парично побарување и статистичкиот метод, каде во табеларно е прикажана состојбата за извршувањето во Р. Македонија за период од 11 години.

**Поим, структура и предмет на извршната постапка**

Според процесната теорија, граѓанската постапка ја сочинуваат три основни гранки и тоа: парничната, вонпарничната и извршната постапка.

Извршната постапка претставува со закон регулирано постапување на надлежниот орган, на странките и на другите учесници во постапката, чија цел е конечно остварување на некое побарување за кое е одлучено во когнициска постапка (парнична, вонпарнична, кривична или управна), или пак се работи за обезбедување на идното остварување на некое побарување.

Содржината на извршната постапка ја сочинуваат процесните дејствија што се преземаат под определени услови, по определен редослед и во определена форма. При преземањето на процесните дејствија меѓу субјектите во постапката се воспоставуваат определени заемни односи. Значи целокупниот збир на преземените дејствија на учесниците во постапката и преземените процесни дејствија, создадените односи кои произлегуваат од процесните дејствија меѓу субјектите кои учествуваат во постапката на присилно извршување или обезбедување ја чини извршната постапка.

Во зависност од тоа која е целта на извршната постапка, во нејзини рамки се разликуваат две посебни постапки:

1. <u>Постапка за извршување</u> во која со преземање определени мерки на принуда спрема должникот се остварува некое побарување на доверителот кое на несомнен и авторитативен начин е утврдено во определена когнициска постапка

2. <u>Постапка за обезбедување</u> која се спроведува кога не се исполнети условите за да се спроведе постапка за извршување, па се дава привремена заштита преку преземање определени мерки за обезбедување сè додека не се исполнат условите за спроведување на извршување, односно додека трае потребата од привремена заштита.[1]

**Субјекти на постапката за извршување**

**<u>Извршител</u>**

Според Законот за извршување - извршител е лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон и кое е именувано согласно одредбите на ЗИ. Извршителот директно одлучува за дејствијата што треба да ги преземе во рамките на своите овластувања за да се спроведе извршната одлука и ги презема тие дејствија.

***Преземање на дејствија***

---

[1] Јаневски А., Зороска – Камиловска Т. (2011) – Извршно право, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, (стр. 4).

Во текот на извршната постапка извршителот има овластување, но и законска должност да ги преземе следниве дејствија:

1. Прима барања за извршување;
2. Врши достава на судски писмена;
3. Врши достава на налози, записници, заклучоци и други документи кои произлегуваат од вршењето на неговата работа;
4. Врши легитимирање на странките и учесниците во извршувањето;
5. Прибира податоци за имотната состојба на должникот во функција на извршувањето;
6. Донесува налози и заклучоци, составува записници, барања и службени белешки, согласно со одредбите на овој закон;
7. Врши попис, процена, пленидба и продажба на подвижни предмети, права и
8. недвижности, прима средства од должникот, предава во владение и распределува средства;
9. Врши блокирање на подвижни предмети и недвижности заради оневозможување на нивната употреба или трошење со ставање жиг на извршителот;
10. Врши иселување и други извршни дејствија потребни за спроведување на
11. извршувањето определени со закон и подзаконски акти;
12. Врши објавувања во средствата за јавно информирање;
13. Поднесува барања за поставување на старател до Центарот за социјални работи кога за посебни случаи адресата на должникот е непозната или нема застапник;
14. Поднесува барање за добивање на податоци за поседување на трансакциска сметка до правното лице кое го води Единствениот регистар на трансакциски сметки во врска со предметот на извршување;
15. Поднесува барање за распишување на потрага по моторното возило предмет на извршување до органот на државната управа од областа на внатрешните работи.[2]

## Странки

Постапката за извршување има двостранкарска конструкција. Таа се води меѓу две странки: доверител (активна странка), која бара намирување на побарувањето и должник (пасивна странка) против кого се води постапката.

Странките во постапката за извршување треба да имаат способност да бидат странки и процесна способност.

## Суд

Како активен чинител во постапката според Законот за извршување му се пропишани следниве надлежности:

1. Одлучува по жалба, односно по приговор против решение донесено во постапката по предлогот за донесување решение со кое се дозволува извршувње врз основа на веродостојна исправа данесена од страна на нотар.
2. По барање на извршителот поставува привремен старател кога во текот на спроведувањето на извршувањето настапила смрт на странката или на нејзиниот

[2] Сл. весник бр. 72/16 Закон за извршување (Чл. 40).

законски застапник, а наследниците и законскиот застапник не се прознати или не е познатно нивното престојувалиште.

3. Прима гаранција во готови пари што се полага во текот на постапката за извршување кога тоа е определено со закон.
4. Дава писмена дозвола за преземање извршни дејствија во станот на должникот.
5. Одлучува по приговор поради неправилности во извршувањето.
6. Одлучува за противизвршување.

## <u>Учесник во постапката</u>

Под поимот учесник во постапката за извршувње се подразбира лице кое во извршувањето остварува некое свое право или правен интерес, а не е странка во извршувањето. Како такви најчесто се појавуваат: заложните доверители кои не предложиле извршување, носителите на други стварни права, закупецот на станбена зграда или стан, односно деловна просторија, државата, единицата на локалната самоуправа и други. [3]

## Претпоставки за извршување

Претпоставките за извршување може да бидат од материјалноправна и процесноправна природа. Тие се однесуваат на:

1. Извршната исправа,
2. Побарувањето за кое се води постапката за извршување и
3. Барањето за извршување.

Присилно извршување заради остварување на некое доверителово побарување може да се спроведе само врз основа на извршна исправа или извршен наслов (titulus executionis).

## Извршна исправа

Нема присилно извршување без извршна исправа – (Nulla execution sine titulo). Извршната исправа е поединечен правен акт, јавна исправа, која по правило е резултат на една претходна когнициска постапка со која авторитетно и несомнено е утврдено постоењето на побарувањето на доверителот, неговата пристигнатост и легитимацијата на странките во постапката за извршување. Извршната исправа не може да биде општ правен акт, ниту правен акт кој произлегува од волјата на странките (договор, еднострана изјава на волја и сл.), а зад кој не стои авторитет кој го утврдил постоењето на побарувањето.

При определување на поимот извршна исправа, ЗИ го користи методот на таксативност. Својство на извршна исправа имаат само оние исправи кои како извршни исправи се определени со закон.

Според Законот за извршување, поединечни правни акти кои се определени како извршни исправи се:

1. Извршна судска одлука и судско порамнување,

[3] Јаневски А., Зороска – Камиловска Т. (2011) – Извршно право, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, (стр. 40).

2. Извршна одлука и порамнување во управна постапка ако гласат на исполнување на парична обврска и
3. Извршна нотарска исправа.

3.1. Заклучок на извршителот за утврдување на трошоците на извршувањето
3.2. Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа донесно од нотар[4]

**Извршување заради наплата на парично побарување**

Заради наплата на парично побарување на доверителот извршувањето може да се спровете врз:

- Подвижни предмети,
- Парично побарување на должникот,
- Побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети,
- Хартии од вредност и удел во трговско друштво,
- Недвижности и
- Други имотни права.[5]

Поимот „подвижни ствари" определен со Законот за сопственост и други стварни права, па така според него – подвижни ствари се оние кои во целост можат да се движат или преместуваат од едно на друго место, а притоа да не се оштети нивната суштина.[6] Предмет на извршувањето можат да бидат само оние подвижни предмети кои со закон не се изземени од извршувањето. Изземањето има за цел да го заштити должникот, значи со спроведување на извршувањето и со намирувањето на доверителот да не се доведе во прашање животот на должникот, неговото достоинство, како и неговата економска и социјална егзистенција.

Според Законот за извршување извршувањето не може да се спроведе врз:

1. Облека, обувки, долна облека, предмети за лична употреба, садови, мебел, апарати за домаќинство;
2. Храна и огрев;
3. Работен и расплоден добиток, земјоделски машини, орудија за работа, семе, алат, добиточна храна, потребни заради издржување на семејството и личниот опстанок;
4. Книги и други предмети кои му се потребни на должникот кој самостојно во вид на занимање врши научна, уметничка или друга дејност;
5. Готови пари на должникот;
6. Ордени, медали, воени споменици, венчален прстен, семејни фотографии;

---

[4] Јаневски А., Зороска – Камиловска Т. (2011) – Извршно право, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, (стр. 42).
[5] Јаневски А., Зороска – Камиловска Т. (2011) – Извршно право, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, (стр. 95).
[6] Сл. весник бр. 18/01 Закон за сопственост и други стварни права (Чл. 13).

7. Помагала што на инвалидот му се неопходни за извршување на животните функции.

**Извршни дејствија за извршување врз подвижни ствари**




**Извршување врз парично побарување на должникот**

Паричното побарување на должникот што е предмет на извршувањето не мора да биде пристигнато. Паричното побарување на должникот може да биде предмет на извршување под услов да не е со закон изземено од извршување. Апсолутно се изземаат од извршување следниве парични побарувања на должникот:

1. Примање врз основа на законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување на работната способност, надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката;
2. Примање врз основа на надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидско осигурување;
3. Примање врз основа на социјална помош;
4. Примање врз основа на привремена неврботеност;
5. Примање врз основа на додаток за деца;
6. Примање врз основа на стипендија или кредит за студенти и
7. Примања врз основа на патни трошоци и дневници.

***Извршни дејствија***

1. Забрана за располагање на побарувањето,
2. Пренос – Разликуваме два вида:

- Пренос за наплата и

- Пренос наместо исплата. [7]

**Извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети**

Се спроведуваат следниве извршни дејствија:

1. Забрана за побарувањето – извршителот издава налог со што му се забранува на должниковиот должник да му ги предаде предметите на должникот, а на должникот му се забранува да ги прими тие предмети.
2. Пренос на побарувањето врз доверителот – Тоа значи дека со преносот доверителот е овластен да бара од должниковиот должник да му ги предаде предметите кога ќе пристигне побарувањето.
3. Продажба на предметите.

**Извршување врз хартии од вредност и удел во трговско друштво**

Според Законот за хартии од вредност, како хартии од вредност се сметаат следниве инструменти: акции во трговските друштва, обврзници, инструменти на пазарот на пари, акции и удели во инвестициони фондови, деривативни финансиски инструменти.[8]

***1. Извршни дејствија***

1. Забрана за располагање и оптоварување на хартијата од вредност,
   - Налогот на извршителот со кој се определува забраната се впишува во Депозитарот за хартии од вредност
2. Нејзина продажба.

***2. Извршни дејствија***

1. Запленување на уделот,
   - Налогот се доставува до трговското друштво, каде се запишува забраната во книгата на удели на тоа друштво.
2. Процена на уделот и
3. Продажба на уделот.

**Извршување врз недвижности**

Извршување врз недвижности се спроведува со:
1. Прибелешка на налогот за извршување врз недвижности во јавна книга,
2. Со утврдување на вредноста на недвижноста,

[7] Јаневски А., Зороска –Камиловска Т. (2011) – Извршно право, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, (стр.106).
[8] Сл. весник бр. 95/05 Закон за хартии од вредност (Чл. 2 ст. 44).

3. Со продажба на недвижноста (кое се спроведува по пат на усно јавно наддавање или пак со непосредна спогодба) и со намирување на доверителите од износот добиен со продажбата.[9]

**Извршување врз други имотни права**

Под поимот други имотни права се опфатени авторските и сродните права, правата од индустриска сопственост или слични права на должникот. [10]

***Извршни дејствија***

Извршувањето врз други имотни права се спроведува со:

1. Забрана за располагање со правото,
2. Претворање на правото во пари согласно одредбите за продажба на подвижни предмети бидејќи извршувањето може да се спроведе само врз имотната корист што произлегува од авторското право и
3. Намирување на доверителите.[11]

| **Година** | **Примени барања** | **Реализиран и** | **Наплатени средства во евра** |
|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 20,217,987.00 € |
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 49,294,201.00 € |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 60,054,078.00 € |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 78,054,164.00 € |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 94,760,634.00 € |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 80,106,316.00 € |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 104,312,352.00 € |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 127,780,882.00 € |
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 107,876,768.00 € |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 107,646,962.00 € |

[9] Сл. весник бр. 72/16 – Закон за извршување (Чл. 166).
[10] Сл. весник бр. 35/05 – Закон за извршување (Чл. 153).
[11] Сл. весник бр. 72/16 – Закон за извршување (Чл. 165).

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 118,964,677.41 € |
| **Вкупно за 11 години** | **1,123,060** | **346,578** | **949,069,021.41 €** |

**Постигнати резултати во извршувањето**

* Податоците во табелата се од годишниот извештај на КИРМ за 2016 година.

**Заклучок**

Од погоре изнесеното може да заклучиме дека според нашето позитивно право заради наплата на парично побарување на доверителот извршувањето може да се спровете врз: подвижни предмети; парично побарување на должникот; побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети; хартии од вредност и удел во трговско друштво; недвижности; други имотни права.

Сепак предметите коишто на должникот му се потребни за да ја обавува својата дејност, како и медицинските помагала кои му се неопходни за непречено нормално живеење не можат да се најдат на пописната листа како предмети за извршување.

Законот за извршување, кој ја уредуваа оваа област, од номотехничка гледна точка не е преобемен (пренормиран) и е добро подреден, а тоа го прави лесно разбирлив и не создава конфузии и противречности. Но би дал критички осврт на другиот закон бидејќи сметам дека е неправеден и има простор за негова доработка.

Иако од самиот почеток на постапката должникот е во подредена ситуација бидејќи против него се води постапката, сметам дека позицијата на должникот и со новите измени на законот е сѐ уште лоша.

Со продолжување на рокот за доброволно извршување на својата обврска (во овој рок може да се воедe уште една опомена), би се дало шанса на должникот достоинствено да го подмири долгот.

Како најостра критика би ја упатил на енормно високите трошоци кои произлегуваат од постапката на извршување. За да се реши овој проблем треба да се погледне и интервенира во целата структура на тие трошоци, а не да се намали само извршителската такса.

За да се заштити доверителот како физичко лице, е потребно да се корегира редот на доверителите.

Воедно имам и впечаток дека македонската нација, е „правно неписмена“ и недоволно информирана за заштита на своите права и интереси од можни злоупотреби на извршителите, кои и не се непозната појава.

За секои од моделите на наплата на намирувањето на побарувањето на доверителот, се спроведуваат посебни извршни дејствија зависно врз што се спроведува извршувањето. Тие извршни дејствија, кои ги презема извршителот се од коплексна природа и тие се:

- Попис,
- Процена,
- Пленидба,

- Продажба на предметите и
- Намирување на доверителот од износот добиен од продажбата.

## Користена литература

***Закони:***

Закон за авторското право и сродните права - Сл. весник бр. 154/15
Закон за индустриска сопственост – Сл. весник бр. 79/07
Закон за извршување – Сл. весник бр. 72/16
Закон за облигационите односи – Сл. весник бр. 81/09
Закон за сопственост и други стварни права - Сл. весник бр. 139/09
Закон за трговските друштва – Сл. весник бр. 28/04
Закон за хартии од вредност – Сл. весник бр. 95/05

***Книга:***

Јаневски А., Зороска – Камиловска Т. (2011) – Извршно право, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

***Веб-страница:***

Комора на извршители на Република Македонија (2017). *Годишни извештаи.* Прочитано на 1 октомври 2017 година. www.kirm.mk